**РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**

***Комисија за односи со верските заедници и религиозни групи***

# ПРАВИЛНИК
# ЗА ВНАТРЕШНА ОРГАНИЗАЦИЈА
# НА КОМИСИЈАТА ЗА ОДНОСИ СО ВЕРСКИТЕ ЗАЕДНИЦИ И РЕЛИГИОЗНИ ГРУПИ

Врз основана член 17 став (9) од Законот за вработените во јавниот сектор („Службен весник на Република Македонија“ бр. 27/14,199/14) и член 55 став (2) од Законот за организаци ја и работа на органите на државната управа („Службен весник на Република Македонија“ бр.58/00, 44/02, 82/08, 167/10 и 51/11“). Директорот на Комисијата за односи со верските заедници и религиозни групи на ден _____________ 2018 година, донесе:

# ПРАВИЛНИК
# ЗА ВНАТРЕШНА ОРГАНИЗАЦИЈА
# НА КОМИСИЈАТА ЗА ОДНОСИ СО ВЕРСКИТЕ ЗАЕДНИЦИ И РЕЛИГИОЗНИ ГРУПИ

## I. ОСНОВНИ ОДРЕДБИ

**Член 1**

Со овој правилник се уредува внатрешната организација и начинот на работа како и начелата на Комисијата за односи со верските заедници и религиозни групи (во натамошен текст: Комисија), видот и бројот на организационите единици и делокругот на работа на организационите единици, начини и форми на раководење со делокругот на работа, преодни и завршни одредби и графички приказ на внатрешната организација на Комисијата (органограм).

**Член 2**

Во правилникот за внатрешна организација на Комисијата се применуваат следните начела:

- законитост, стручност, ефикасност и економичност во вршењето на задачите
- хиерархиска поставеност на организационите единици
- меѓусекторска координација и соработка

Примената на начелата од став 1 се засновуваат на следните критериуми:

- надлежноста на Комисијата е утврдена со Законот за организација и работа на органите на државна управа и Законот за правната положба на црква, верска заедница и религиозна група
- и видот, обемот, сложеноста на работите и задачите и нивнавта меѓусебна поврзаност.

## II ВИД И БРОЈ НА ОРГАНИЗАЦИОНИТЕ ЕДИНИЦИ

**Член 3**

Во правилникот за внатрешна организација се утврдуваат следните организациони единици во Комисијата, и тоа: 2 сектори и 4 одделенија согласно Уредбата за изменување и дополнување на Уредбата за начелата за внатрешна организација на органите на државната управа.

**Член 4**

Заради обединување на меѓусебно поврзаните функции од надлежност на Комисијата, како и заради организирање, следење и координирање на работите од надлежност на одделенијата во нејзин состав и унапредување на нивната меѓусебна соработка се формира сектор.

Во Комисијата се формираат два сектори во состав на еден сектор влегуваат две одделенија .

Со секторот раководи раководител на сектор кој за својата работа му одговара на Директорт на Комисијата.

**Член 5**

Заради непосредно извршување на стручно-административни, стручно-аналитички, управни, нормативно-правни, информативно-документарни, информативно-комуникациски, оперативни, управување со човечки ресурси, материјално-финансиски како и други работи во Комисијата се формираат одделенија.

Со одделението раководи раководител на одделението кој за својата работа му одговара на раководителот на секторот.

## III ДЕЛОКРУГ НА РАБОТА НА ОРГАНИЗАЦИСКИТЕ ЕДИНИЦИ

**Член 6**

**Секторот за соработка со црква, верска заедница и религиозна група и протокол**

Секторот за соработка со црква, верска заедница и религиозна група и протокол, ги планира и организира активностите во Комисијата што се однесуваат на:

- прославите по ровод чествувањето на верските празници во верски објекти на сите религии кои опстојуваат во Република Македонија,
- поставување на камен темелници на верски објекти,
- осветување на верски објекти во земјата и во странство, јубилејни прослави, годишнини и значајни верски празници и настани во црквите, верските заедници и религиозните групи,
- воспоставување на дијалог и постојана соработка со црквите, верските заедници и религиозни те групи, со државата и државните институции.

**I** ***Одделение за соработка црква, верска заедница и религиозна група***

Одделението за соработка со црква, верска заедница и религиозна група ги подготвува, насочува и координира:

-стратешкиот план и годишната програма на Комисијата,

-ги следи активностите на црквите, верските заедници и религиозните групи дали се усогласени со законските прописи во РМ, како и меѓународните декларации и конвенции за изразување на слободата на вероисповедта,

-дава извештаи за напредокот во спроведувањето на правото на слобода на манифестирање на верата или убедувањето,
-развива постојано комуникација и облици за постојана соработка со црквите, верските заеници и религиозните групи.

*I Одделение за протокол и одбележување верски празници*

Одделението за протокол и одбележување верски празници ги подготвува, насочува и координира:
-поставување на камен темелници на верски објекти, осветување на објекти и присуство на јубилејни прослави и годишнини,
-присуство на претставници од Комисијата на заначајни верски празници и настани,
-иницијативи и предлози за одбележување на верски празници,
-следење на верскиот печат и литература.

**Член 7**

**Сектор за соработка со државни институции и документација и административна поддршка**

Сектор за соработка со државни институции и документација, човечки ресурси и правни прашања ги планира и организира активностите во Комисијата што се однесуваат на:
-создавање услови за непречено извршување на активностите на црквата, верската заедница и релгиозната група,
-грижа за воспоставување постојан дијалог и развивање облици на постојана соработка на државните органи и институциите со црквите, верските заедници и религиозните групи,
-следење на реализацијата на Програмата на Владата за прашања од надлежност на Комисијата
-обезбедува поголема транспарентност во работата на Комисијата преку организирање средби со медиуми,
-се грижи за одржување на базата на податоци за државните службеници во Комисијата

*I Одделение за соработка со државни институции и документација и односи со јавност*

Одделение за соработка со државнио институции и документација и односи со јавност и финансиски прашања ги подготвува, насочува и координира:
-подготовка на правни акти што се во надлежност на Комисијата,
-подготовка на стручни анализи и информации за работата на црквите, верските заедници и религиозните групи,
-водење евиденција за регистрираната црква, верска аедница и религиозна група,
-подготовка на инфромации за присутни религии во Р. Македонија, нивни карактеристики и разлики
-Предлог-програмата за одобрување на средства од буџетот на Владата на РМ за остварување на функциите во Комисијата
- Подготвува изменување и дополнување на буџетот и стратешкиот план на Комисијата
-одржувањето на финансиското управување и контрола во Комисијата,
-сметководствено евидентирање за извршување на буџетот и подготвувањето на годишната сметка и годишниот финансиски извештај,
-контрола на буџетот и извршување на буџетот,

*II Одделение за административна поддршка*

Одделението за човечки ресурси ги подготвува, насочува и координира:
-работите за нормативно-правна поддршка на Комисијата,
-обезбедување заштита на правото на административните службеници кои произлегуваат од работниот однос,
-предлозите на стратешкиот план, Програмата за работа, буџетот, извештајот за работа, функционалната анализа и актите за внатрешна организација и систематизација,
-водењето на личните досиеја и базата на податоци за државните службеници.

## IV НАЧИНИ И ФОРМИ НА РАКОВОДЕЊЕ

**Член 8**

За целосно остварување за целите, задачите и функциите на Комисијата како и остварување на соработката со државните опргани и институции, како и со црквите, верските заедници и религиозните групи се формира Колегиум.

**Член 9**

Колегиумот го сочинуваат:
-Директорот и Зам. Директорот,
-Раководителите на секторите и
-Раководителите на одделенијата.
По потреба се повикуваат и други стручни лица кои се експерти по одредени прашања.
Стручниот Колегиум го свикува најмалку еднаш месечно и со него раководи Директорот.

**Член 10**

Органограмот преставува графички приказ на организационата структура по организациони единици, усогласен са наративниот текст и е во состав на Правилникот за внатрешна организација.

## V ПРЕОДНИ И ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

**Член 11**

Со денот на влегување на сила на овој Правилник престанува да важи Правилникот за внатрешна организација на Комисјта за односи со верски заедници и религиозни групи бр.03-155/7 од 16.10.2010 год., Правилникот за изменување и дополнување на Правилникот за внатрешна организација на Комисијата за односи со верските заедници и религизони групи бр. 01-147/3 од 15.03.2013 год, и Правилникот за изменување и дополнување на Правилникот за систематизација со број 01-572/1 од 05.12.2015 год. и Правилникот за систематизација со број 01-163/4 од 23.05.2017 год.

**Член 12**

Овој правилник влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се применува шпо добиената согласност од Министерството за информатичко општество и администрација.

**Директор**
**м-р Даријан Сотировски**